Дневник, Скопје, 30,/31.12. 2000 ; 1/3.1.2001/5, бр.1444, Новогодишен Дневник, стр.15

ИСКРА ДИМИТРОВА стр. 15

# Во делата вклучени и интерактивниот и компјутерскиот елемент

Годинава се отвори галеријата „Место“ - ново културно собиралиште. Впечаток ми остави модната ревија на Никола Ефтимов, која се одржа во текот на месецот, бидејќи освен модни, вклучуваше и концептуално-социолошки и ликовни конотации. Изложбата „Зрачења“ од македонски уметници во Токио беше одлично, професионално поставена изложба, во реномирана институција, во светски ликовен центар. Интерактивниот и компјутерскиот елемент ги вклучив многу повеќе во делата, па бидејќи секоја промена за мене значи развој, за мене овој „настан“ има и најголемо значење.

